***Р Е П У Б Л И К А   М А К Е Д О Н И Ј А***
***МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА***

# ***ПРАВИЛНИК***
***за обезбедување на спортска опрема за активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата на Република Македонија***

***-Скопје, 2019 година-***

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), а во врска со членот 20 став 1 точка 46 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија" бр.42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11, 215/15), министерот за одбрана, донесе

## *ПРАВИЛНИК*
## *за обезбедување на спортска опрема за активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата на Република Македонија*

### *Член 1*

Со овој правилник се утврдува обезбедувањето на спортска опрема за активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата на Република Македонија.

Обезбедувањето на спортска опрема опфаќа: следување и времетраење на спортската опрема, содржината на комплетот, видот, составот, изгледот и квалитетот на спортската опрема и дополнителните делови на опремата.

### *Член 2*

Спортската опрема следува на:

- активниот воен персонал вработен во Министерството за одбрана (во натамошниот текст: Министерството) и на служба во Армијата на Република Македонија (во натамошниот текст: Армијата) - офицери, подофицери и професионални војници,

- цивилниот персонал, кој реализира спортски активности во Министерството и Армијата - професор, инструктор и тренер по физичко вежбање,

- питомците на Воената академија,

- војниците на доброволно служење на воен рок,

- учесниците во мировните операции надвор од територијата на Република Македонија и

- членовите на репрезентациите на Армијата, кои учествуваат на државни првенства, регионални, европски, светски и олимписки воени првенства според програмата на Меѓународниот совет на воени спортови.

### *Член 3*

Спортската опрема се дели на: основен пакет и дополнителен пакет на спортска опрема.

### *Член 4*

Основниот пакет на спортска опрема за активниот воен персонал вработен во Министерството и Армијата, содржи:

| *Ред.бр.* | *Име на средство* | *Количина* | *Време на користење* |
|---|---|---|---|
| 1. | маица со кратки ракави | 1 | 4 години |
| 2. | маица со долги ракави | 1 | 4 години |
| 3. | спортски гаќи | 1 | 4 години |
| 4. | комплет тренерки за вежбање | 1 | 4 години |
| 5. | патики атлетски за трчање | 1 | 4 години |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6. | чорапи | 2 | 4 години |
| 7. | водоотпорен шушкавец | 1 | 4 години |
| 8. | спортска торба | 1 | 4 години |

### *Член 5*

Основниот пакет на спортска опрема за цивилниот персонал, кој реализира спортски активности во Министерството и Армијата, содржи:

| *Ред.бр.* | *Име на средство* | *Количина* | *Време на користење* |
|---|---|---|---|
| 1. | маица со кратки ракави | 2 | 3 години |
| 2. | маица со долги ракави | 2 | 3 години |
| 3. | спортски гаќи | 2 | 3 години |
| 4. | комплет тренерки за вежбање | 2 | 3 години |
| 5. | патики атлетски за трчање | 1 | 3 години |
| 6. | патики за сала | 1 | 3 години |
| 7. | Чорапи | 2 | 3 години |
| 8. | водоотпорен шушкавец | 1 | 3 години |
| 9. | зимска јакна | 1 | 3 години |
| 10. | спортска торба | 1 | 3 години |
| 11. | гаќи за капење | 2 | 3 години |

### *Член 6*

Основниот пакет на спортска опрема за питомците на Воената академија, содржи:

| *Ред.бр.* | *Име на средство* | *Количина* | *Време на користење* |
|---|---|---|---|
| 1. | маица со кратки ракави | 1 | 4 години |
| 2. | маица со долги ракави | 1 | 4 години |
| 3. | спортски гаќи | 1 | 4 години |
| 4. | комплет тренерки за вежбање | 1 | 4 години |
| 5. | патики атлетски за трчање | 1 | 4 години |
| 6. | чорапи | 2 | 4 години |
| 7. | водоотпорен шушкавец | 1 | 4 години |
| 8. | портска торба | 1 | 4 години |
| 9. | гаќи за капење | 1 | 4 години |

### *Член 7*

Основен пакет на спортска опрема за војниците на доброволно служење на воениот рок, содржи:

| *Ред.бр.* | *Име на средство* | *Количина* | *Време на траење* |
|---|---|---|---|
| 1 | маица со долги ракави | 1 | 1 година |
| 2 | спортски гаќи | 1 | 1 година |
| 3 | патики | 1 | 1 година |

***Член 8***

Основна спортска опрема на учесниците во мировни операции надвор од територијата на Република Македонија, го содржи комплетот на спортската опрема од член 4 од овој Правилник, со време на користењето во траење на мировната операција.

***Член 9***

Основна спортска опрема за членовите на репрезентациите на Армијата, кои учествуваат на државни првенства, регионални, европски, светски и олимписки воени првенства според програмата на Меѓународниот совет на воени спортови, го содржи комплетот на спортската опрема од член 5 од овој Правилник, со време на користење од три години.

***Член 10***

Дополнителна спортска опрема за посебни форми на обука, содржи:

| ***Ред.бр.*** | ***Име на средство*** | ***Количина*** | ***Време на користење*** |
|---|---|---|---|
| 1. | скии со везови | 1 пар | 5 години |
| 2. | скијачки чевли | 1 пар | 5 години |
| 3. | скијачки стапчиња | 1 пар | 5 години |
| 4. | скијачка јакна | 1 | 5 години |
| 5. | скијачки панталони | 1 | 5 години |
| 6. | пододело (горен и долен дел) | 1 комплет | 5 години |
| 7. | скијачка капа | 1 | 5 години |
| 8. | скијачки наочари | 1 | 5 години |
| 9. | скијачки чорапи | 2 пара | 5 години |
| 10. | кацига | 1 | 5 години |

***Член 11***

Комплетот на спортската опрема треба да е во согласност со пропишаните норми и стандарди за квалитетот, изгледот и времетраењето на спортската опрема.

Квалитетот на деловите од спортската опрема од овој Правилник, се утврдува со упатство за обезбедување на квалитет на спортските производи, кое го донесува началникот на Генералштабот на Армијата на Република Македонија, а во согласност со начелата на конкурентност од Законот за јавните набавки.

***Член 12***

На спортската опрема се носат ознаки на единиците на Армијата согласно Уредбата за ознаките за униформите на Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 241/18)

***Член 13***

Комплетот на колективна или заедничка спортска опрема се утврдува со посебен правилник.

***Член 14***

Одредбата од членот 2 од овој Правилник ќе се применува постапно во согласност со финансиските можности и Планот за јавни набавки на Министерството за одбрана, а во согласност со приоритетите искажани од страна на Генералштабот на Армијата.

***Член 15***

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

***Бр.02-1011/1***
***04.02.2019 година***
***Скопје***

***Министерка за одбрана***
***Радмила Шекеринска Јанковска с.р.***